МЕСНА ЗАЕДНИЦА
ГАЛИЧНИК
+ 389 70246399

Предмет: ОДЛУКА

На седницата на СОВЕТОТ НА МЗГ - Галичник, одржана на 23.03.2015 год., а во врска со избор на зет и невеста на ГАЛИЧКА СВАДБА 2015, на која беа пријавени четири парови по потекло од Галичник, советот ја направи следната ранг листа, на носителите на парот;

1. Билјана Гегоска
2. Тони Чалоски
3. Неда Черепналкоска
4. Илија Лазарески

На основа на оваа ранг листа советот донесе одлука невеста и зат на ГАЛИЧКА СВАДБА 2015 да бидат **БИЛЈАНА ГЕГОСКА И ФИЛИП БЕЛЧЕВ**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

Билјана Гегоска, уште од шест годишна возраст па до ден денешен е активен учесник во Галичките свадби. Има снимано спот со легендарниот Александар Сариески, како и спот за промоција на Галичка свадба 2013. Нејзиниот татко е Крсте Гегоски, најпознатиот бајрактар на сите свадби во 80-тите и 90-сетите години од минатиот век. Тој се јавува и како носител на други главни улоги во свадбите. Тој е еден од основачите на Коњичкиот клуб БИСТРА од Галичник и чинител во развојот на овој рекреативен спорт во Галичник и пошироко во Македонија. Останатите членови на фамилијата Геговци се исто така долгогодишни учесници на Галичките свадби и носители на главните улоги (бајрактари, побратими и др.).

Со еден збор тешко може да се замисли организација на Галичка свадба без оваа позната галичка фамилија и поради тоа советот на МЗГ ја донесе горенаведената одлука.

МЗГ им стои на располагање на останатите парови што не се избрани, да им помогне доколку сакаат венчавање во црквата Св. Петар и Павле во Галичник.

Со искрена почит.

Здружение за развој МЕСНА ЗАЕДНИЦА ГАЛИЧНИК с. Галичник Маврово и Ростуше

Претседател на советот,

Митре Ажиевски